Р Е Ш Е Н И Е

За свикување на 3-от состанок на Кризниот штаб за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19

Го свикувам 3-от состанок на Кризниот штаб за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19.

Состанокот ќе се одржи на ден 27.03.2020 година со почетотк во 17.00 часот во просториите на Општина Зрновци .

За состанокот го предлагам следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 1-от и 2-от состанок - на Кризниот штаб за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19
2. Формирање на мобилни екипи за помош на стари и немокни лица на подрачјето на општина Зрновци
3. Список на лица на кој им треба помош на подрачјето на Општина Зрновци
4. Набавка на маски за заштита од Коронавирус COVID-19
5.Масовна дезинфекција на секоја куќ на подрачјето на Општина Зрновци поради заштита од Коронавирус COVID-19
6. Разно

Кризниот штаб
Претседател
Блаже Станков

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

З А П И С Н И К бр. 1
од Првиот состанок на Кризниот штаб за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус ЦОВИД-19 , оджан на ден 18.03.2020 година

На 18.03.2020 година (среда) со почеток во 19.00 часот во просториите на општина Зрновци се одржа првиот состанок на Кризниот штаб за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус ЦОВИД-19 ,

Со Кризниот штаб за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус ЦОВИД-19 Раководеше Блаже Станков Претседател на Кризниот штаб.
На состанкот присуствуваа членовите на Кризниот штаб и тоа :
Блаже Станков Градоначалник на општина Зрновци, Борче Коцев Командир на Судска полиција Кочани , Владо Ристов Претседател на Советот на Општина Зрновци , Јохан Горгиев член на Советот на Општина Зрновци , Александра Кокева претставник од центарот за јавно здравје Кочани , Горан Кокев Директор на КЈП Водна Кула Зрновци , Дарко Стојков Претставник од ДЗС , Методи Николов претставник од Општина Зрновци , Кирчо Горгиев Директор на ОУ ,, Синиша Стоилов Зрновци , Виктор Анакиов преставник од УЈП Штип .

На состанокот на Претседателот на Кризниот штаб за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус ЦОВИД-19 се утврди следниот Дневен ред :

1 Да се почитуват насоките и препораките на од Владата и Министрството за здравство
2. Дезинфекција на улиците и јавнитеповршини на подрачјето на Општина Зрновци .
3. Мерките ке ги спроведува КЈП , Водна Кула Зрновци .
4. Да се соработува со полицијата
5. Сите наши сограгани кои се дојдени од државите со висок ризик на Корана вирус да се пријават во полициската станица иистите да бидат во изолација .
Од страна на присуствуваа членовите на Кризниот штаб дневниот ред е усвоен

ТЕК НА СОСТАНОКОТ

1. Точка
Да се почитуват насоките и препораките на од Владата и Министрството за здравство
По ова точка сите членови на Кризниот штаб , секој од својата надлежност ги информираа членовите на кризниот штаб што до овој момент е преземено на ниво на општина .
Блаже Станков Градоначалник на општина Зрновци ги информираше членовите на Кризниот штаб и истакна дека до сега се преземени следнитеактивности и тоа:
Од страна на ЦЈЗ Кочани Направена е целосна дезинфекција на школите , детската градинка во Зрновци и уптавната зграда .
Од страна на КЈП Водна Кула Зрновци направена едезинфекција на : улиците во Општина Зрновци со населените места , јавние површини , парковите детските игралишта и ревизитите и други прометни површини со раствор на вода и мнимални количини на хлор.
Во моментот во Македонија е прогласена вонредна состојба , што значи дека Владата ке ја спроведува како законодавната така и извршната власт .
Соработката со Полициската станица во Кочани е неминовна и во секој момент да ја информираме за лица кои се дојдени од земјите зафатени со Коронавирусот а за кои тие немат податоци дека се дојдени.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Да се иформират граганите да не се групират во групи поголеми од 5 лица .Кај граганите треба да е свеста на високо ниво т.е да не се шетаат и собират во групи. Младите деца кои не се веке на училиште да ги почитуваат мерките и препораките на Владата.

Да се погрижиме до максимум да се спроведат мерките и препораките на Владата за да не ескалира ситуацијата и да не излезе од контрола. Опасноста доаѓа од Лугето кои се дојдени од порано во Македонија а на кои не име направено тестирање . Предлагам да Кризниот штаб се прошири со нови членови и тоа Гоце Нацев кој е вработен во МВР ПС Кочани и докторката Александра Гацова .

Дарко Стојков истакна дека е потребно да се прошири кризниот штаб со Гоце Нацев и Александра Гацова . Да се почитуват мерките и препораките на Владата , Да се пријават лицата кои се дојдени во Зрновци а истите не се регистрирани од полицијата .

Да локалната самоупра редовно врши дезинфекција на улиците , тротоаритр и јавните површини , таксистите редовно да ги дезинфицираат возилата, ЕЛС да назначи лице за координација за седници, Да се затвори пазарчето во недала

Александра Кокева, исто така укажа не фактот дека се соочуваат со недостаток на маски и заштитни маски и дека во Зрновци се уште работи локалот на Звонко , каде се собираат младите , тоа веднаш да се затвори.

На состанокот беше истакното и фактот да ЕЛС Зрновци да има контакти со ЈЗО Кочани редовно да се врши дезифекција на улиците и другите јавни површини. Да има постојана полициска патрола во Зрновци . Борчо Коцев предложи да и во Видовиште и Randomродвис да се формират месни штабови. Превенцијата дезинфекцијата на улиците , тротоаритр и јавните површини е неминовна .

Согласно Законот за заштита и спасување Советот на Општина Зрновци треба да донесе Процена на загрозеност од прирпдни непогоди и План за заштита и спасување. Да се информираат сопствениците на маркетите и продавниците да пред влзот на продавниците да стават сунгерчиња за дезинфекција. Таксистите да ги дезинфецират возилата и да се апелира до родителите децата да не се пуштатат и да се почитуват препораките и мерките на Владата .

КРИЗЕН ШТАБ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Блаже Станков

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)